АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonise Se Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

Примено / Pranuar: 26.03.2020

| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 1415 | 1 | |


# ИЗВЕШТАЈ ОД МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО 2020

## за периодот 17 февруари - 16 март 2020

Скопје, март 2020

Врз основа на обврските од член 76-в од Изборниот законик, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го започна мониторингот на изборното медиумско претставување на 17 февруари 2020 година, следниот ден по распишувањето на Предвремените парламентарни избори закажани за 12 април 2020 година.

Мониторингот се спроведуваше врз примерок од 10 радио и телевизиски програмски сервиси: МРТ1, МРТ2 Програма на албански јазик, ТВ Алсат - М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М, ТВ 24 Вести и Првата програма на Македонското радио. Во согласност со Методологијата за мониторинг, за другите медиуми се постапуваше по претставки.

Во активностите поврзани со мониторингот на изборите беа вклучени 16 лица, меѓу нив четворица надворешни соработници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

Извештајот е за начинот на известување на радиодифузерите опфатени со мониторингот во првата фаза од изборниот процес, односно за периодот од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања. Поконкретно за периодот од 17 февруари до 16 март 2020 година, бидејќи Агенцијата го запре мониторингот заклучно со 16 март, по постигнувањето консензус меѓу политичките партии за одложување на изборите и прогласувањето вонредна состојба од претседателот на државата поради пандемијата со Ковид-19.

Изборните дејствија за спроведување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, официјално беа прекинати со Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 72/2020), што Владата ја донесе на седницата одржана на 21 март 2020 година. Според Уредбата, спроведувањето на изборните дејствија ќе продолжи по престанокот на вонредната состојба, а сите преземени дејствија до стапување во сила на Уредбата се сметаат за важечки.

## Методолошки напомени

Примерокот за анализа беше утврден врз основа на следниве критериуми: нивото на кое емитува програма радиодифузерот, уделот во гледаноста за телевизиите, досегот за радиостаниците[1], обемот на известување на медиумот во претходните изборни процеси, актуелните програмски шеми на радијата и телевизиите и емитувањето сопствени вести подолги од 15 минути. На овој начин беше прецизирано дека во првиот дел од мониторингот ќе биде анализирана 24-часовната програма на два телевизиски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис, потоа петте терестријални национални телевизии, кабелската ТВ 21-М и сателитската ТВ 24 Вести. Од радиостаниците, имајќи предвид дека приватните национални радија немаат вести подолги од 15 минути (еден од предусловите за влез во примерокот) со анализата беше опфатена само Првата програма на Македонското радио.

Мониторингот на известувањето во дневноинформативните емисии (вести и дневници) беше фокусиран на централното издание. Со оглед на тоа дека во периодот пред започнување на изборната кампања, Изборниот законик не утврдува правила за начинот на известување во вестите, предмет на мониторингот беше почитувањето на професионалните начела за дејноста од член 61, односно стандардите и начелата за Јавниот сервис од член 111 на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Особено беше следено дали се почитува начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (член 61 став 1 алинеја 9). Исто така, беше следено и дали се почитуваат посебните забрани за поттикнување омраза и нетрпеливост од член 48 од ЗААВМУ.

Се анализираа сите прилози во централните вести, освен информациите од спортот, од светот и временската прогноза.

За потребите на кодирањето на прилозите во вестите беше воведена нова категорија насловена „Здравство", потпирајќи се на искуството од известувањето на медиумите во 2019 година кога, за време на Претседателските избори, беше прогласена епидемија на мали сипаници. Имено, во времето на подготовка за изборниот мониторинг, во повеќе земји во светот и во Европа веќе имаше случаи на луѓе заразени со коронавирусот SARS-CoV-2 и заболени од Ковид-19, а во дневноинформативните емисии редовно се известуваше за состојбата. Затоа сите информации од македонските официјални извори во врска со Ковид-19 беа кодирани во оваа нова категорија.

Кога, кон крајот на февруари, пандемијата го зафати и македонското тло, вестите и извештаите на оваа тема континуирано зафаќаа се поголем дел од дневниците така што подготовката за избори, односно основниот предмет на анализата, во последните две недели од мониторингот практично не постоеше, освен преку информациите за настојувањата да се најде начин како de jure да се одложат изборите кои веќе de facto беа суспендирани.

[1] Податоците беа добиени од редовните квартални извештаи за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ станиците, што се изработуваат за потребите на Агенцијата врз примерок од 2400 испитаници кој е репрезентативен на ниво на Република Северна Македонија според регион, пол, возраст и националност, достапни на веб сајтот на АВМУ на линкот: https://bit.ly/3bqEPjV.

При анализата на вкупната програма беше следено дали и колку радиодифузерите ги почитуваат оние одредби, односно забрани, од Изборниот законик кои се во сила во овој период, и тоа, дали:

- Известувањето за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и на правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања е во функција на нечие изборно медиумско претставување?
- Се почитува забраната за емитување платено политичко рекламирање?
- Се почитува забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства?
- Има случаи уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на политички партии, коалиции или кандидати?
- Огласите за собирање потписи за поддршка на кандидатури на независни кандидати се емитуваат согласно утврдените правила?
- Се почитуваат правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење?
- На Јавниот радиодифузен сервис се емитуваат дебати во согласност со пропишаното во Изборниот законик?
- Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери обезбедуваат информирање за лицата со оштетен слух и вид.

## Клучни наоди

Наодите од извештајот покажуваат дека известувањето за подготовките на политичките партии за избори, како и за активностите на државните органи надлежни за организирање и спроведување на изборниот процес, се најдоа во сенка на известувањето за справувањето на земјава со пандемијата од коронавирусот и Ковид-19, болеста што ја предизвикува тој.

Кај сите медиуми, методолошка категорија која има зафатено поголемо време од кој било друг поединечен субјект во вестите е категоријата „Здравство", која, како што е објаснето во заглавието „Методолошки напомени" ги опфаќа прилозите што се однесуваат на коронавирусот.

Времето во вестите одвоено за изборните подготовки, коалицирања и меѓупартиски надмудрувања произлегува пред сè од известувањето во првите десет дена од мониторингот, односно пред појавата на првиот потврден случај на заразено лице во земјава. Гледајќи го тој дел од времето, може да се констатира дека радиодифузерите од примерокот за мониторинг настојуваа да известуваат за активностите на политичките партии врамнотежено, односно генерално го почитуваа начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења со што и овозможија на публиката слободно да го оформи своето мислење за одделни настани и прашања (член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги). Притоа, треба да се има предвид дека најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ зачестено ги прозиваше Владата и владејачкиот СДСМ, а одговорите доаѓаа или од СДСМ или од прозваните министерства. Оттаму, медиумите ја постигнуваа врамнотеженоста преку сопоставување на времето за ВМРО ДПМНЕ, од една страна, и акумулираното време за Владата и СДСМ, од друга страна. Со оглед на фактот дека имаме т.н. - „техничка Влада", битно е да се потенцира дека во времето за субјектот „Влада" не влегуваат министрите и замениците-министри од редовите на опозицијата кои се кодираа во посебна категорија. Извесен квалитативен дисбаланс во известувањето беше регистриран кај Македонско радио, првиот радио програмски сервис на МРТ, којшто произлегува од уредувачката неекономичност во Пладневниот радиовесник, што е подетално објаснето во извештајот за овој програмски сервис.

Најчестата жанровска граѓа на дневноинформативните емисии беа претежно информативните новинарски жанрови: вест, вест во низа и извештај, а само кај два медиуми беа забележани претежно аналитичките коментари/осврти.

Аналитичкиот пристап кон актуелните настани, сите мониторирани радиодифузери ѝ го овозможија на публиката преку посебните информативни емисии, најчесто интервјуа и дебати. Кај неколку од телевизиите имаше и контактни емисии во кои граѓаните можат да го изнесат својот став на однапред утврдена тема, најчесто преку телефонско јавување во програмата, иако се користеа и социјалните медиуми. Некои медиуми фрлаа поглед на општествено-политичката ситуација и низ визирот на политичката сатира.

Јавниот радиодифузен сервис на МРТ1, и ТВ 24 Вести обезбедија информации и за лицата со оштетен слух преведувајќи по едно издание вести секој ден и некои од информативните емисии, на знаковен јазик.

## МРТ 1 - Прв програмски сервис на Македонската радио-телевизија

### *Дневно-информативни емисии*

*Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Дневник во 19 часот и 30 минути.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година).

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 10 часа 17 минути и 54 секунди.

**Најчесто користени жанрови:** Претежно информативните жанрови вести (во низа) и извештај.

*Начин на известување*

**Медиумот најчесто известуваше за**: Изборниот процес, односно предизборните активности на политичките партии - методолошки примарната тема на мониторингот, како и другите аспекти од македонското, општествено-политичко секојдневие - паднаа во сенка на темата, методолошки општо именувана - „Здравство", со акцент врз подготвеноста на домашниот здравствен систем да се соочи и да се справи со епидемијата на Ковид-19. Но, валентноста на темата - здравство, во новинарските вести (во низа) и извештаи ги поврза и состојбите со македонската економија воопшто, како и со образовниот процес, па дневниот новинарски ангажман околу тие области прави голем дел од статистиката за таа централна тема во Дневникот. Директно содржински поврзани се и ставките бележени во статистиката за активностите на субјектот - „Влада": - нејзините стратешки активности токму на тема здравство, непосредно произлезени од ингеренциите на врховниот извршен орган, но и тековните активности на Премиерот и на македонската дипломатија во врска со ЕУ и НАТО интеграциите.

МРТ1 го почитуваше начелото од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања):

Во првата недела од мониторингот, предизборната активност на партиите главно се сведе на меѓусебни обвинувања (ВМРО ДПМНЕ - СДСМ) околу состојбата со правосудниот систем, а посебно во врска со (не)носењето нов закон за Јавното обвинителство. Во втор план беше формирањето на кандидатските листи и на (потенцијалните) коалиции. Во предизборниот период ВМРО ДПМНЕ по различни основи (главно - судство/бизнис релации) ги прозиваше СДСМ и Владата и директно лидерот на СДСМ, министерот за здравство, и министерката за одбрана, а преку своите претставници во т.н. - „техничка Влада", ја критикуваше досегашната работа на администрацијата и тековната состојба во повеќе министерства, како и во

Централниот регистар и во Агенцијата за вработување. Во прилог на плурализмот општествено-политички опции, информативната редакција на МРТ 1 редовно ги пренесуваше ставовите/демантите на директно, јавно прозваните страни, што значи не само на СДСМ, како првопосочен партиски опонент на опозициската ВМРО ДПМНЕ, туку и на министерствата и на раководните лица од државната/јавната администрација. Оттаму, меѓу другото, и на ова се должи поголемото време во централните вести одвоено за овие субјекти.

Под методолошката ставка - „Други субјекти", бележени се: здруженија на граѓани; синдикати; стопански комори; бизнис заедницата; регулаторни комисии/агенции; научни институти; наставници/експерти што зборуваа за дидактички алтернативи на принудно прекинатиот образовен процес.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**МРТ1**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Собрание | 00:03:34 | 0,58 | % |
| ДИК и други органи | 00:17:35 | 2,85 | % |
| СДСМ | 00:43:49 | 7,09 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:59:13 | 9,58 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:58 | 1,61 | % |
| Влада | 01:01:44 | 9,99 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:37:04 | 6,00 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:12:46 | 2,07 | % |
| Здравство | 02:04:46 | 20,19 | % |
| Други субјекти | 01:40:47 | 16,31 | % |
| Јавно обвинителство | 00:13:57 | 2,26 | % |
| Граѓански сектор | 00:31:57 | 5,17 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:17:03 | 2,76 | % |
| Без субјекти | 00:05:05 | 0,82 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:21:39 | 3,50 | % |
| АРМ | 00:00:43 | 0,12 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:21:38 | 3,50 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:03:25 | 0,55 | % |
| Алтернатива | 00:00:55 | 0,15 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:38 | 0,10 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:01 | 0,16 | % |
| Претседател | 00:14:42 | 2,38 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:34 | 0,25 | % |
| Беса | 00:02:35 | 0,42 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:39 | 0,11 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:02:08 | 0,35 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:22 | 0,38 | % |
| Твоја партија | 00:01:10 | 0,19 | % |
| Судство | 00:02:15 | 0,36 | % |
| Никогаш Северна, само Македонија | 00:01:12 | 0,19 | % |
| **Вкупно за тема:** | **10:17:54** | **100** | **%** |

**Вкупно = 10:17:54**

## *Посебни информативни емисии*

### *Интервјуа*

Во периодот опфатен со мониторингот, интервјуа на тема - организација на процесот за Предвремените парламентарни избори 2020 година - беа реализирани со Оливер Деркоски, претседателот на Државната изборна комисија (издание на - „И што сега?", од 18 февруари 2020 г., со една реприза), и со Адмир Шабани, портпаролот на ДИК, направено како дел од програмскиот појас насловен „Македонија наутро" од 27 февруари 2020 година.

### *Дебати*

Во рамките на дебатната емисија насловена „И што сега?", во периодот на мониторингот - од 17 февруари до 16 март 2020 година, емитувани беа четири предизборни соочувања, и тоа: - две меѓу претставници на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ, една меѓу претставници на ГРОМ и на Демократскиот сојуз, и една со претставници на ДИК и на невладини организации што ги застапуваат правата на лицата со попреченост за активно учество во политичкиот живот. Партиските дебати, кои за теми ги имаа: Законот за јавното обвинителство и јавните партиски настапи *„во име на правдата"*, (не)функционалноста на техничката влада; (не)фер начинот на водење изборна кампања, формирањето на изборните листи - ги водеа:

Костадин Ацевски и Диме Велковски од СДСМ, наспроти Слаѓана Митовска и Драган Данев од ВМРО ДПМНЕ (изданија од 20 и од 25 февруари 2020 г., со по една реприза),

Зоран Петров од ДС наспроти Љупчо Пренџов од ГРОМ (издание од 24 февраури 2020 г., со една реприза).

За потребите и за правата на гласачите со попреченост во текот на целиот изборен процес, во истата актуелно-информативна емисија говореа: Даниела Стојановска-Џинговска и Шпеди Салија, сертифицирани обучувачи од ДИК (Салија говореше и како активист на „Заедно можеме", здружението на лица со попреченост од Гостивар), и Дона Костуранова, програмска менаџерка на Вестминстер фондацијата за демократија (издание од 24 февруари, со една реприза).

Другите изданија на споменатата дебатна емисија се однесуваа на безбедносните закани од новиот бегалски бран, на подготвеноста на македонските - здравствен и економски систем, против пандемијата од Ковид-19, и на извештајот на Европската комисија во врска со можниот почеток на преговори на Р.С. Македонија и на Р. Албанија.

Во овие дебати, онолку колку што дозволуваше брзоменливата, актуелна општествено-политичка ситуација со повишено внимание за државниот и за глобалниот тековен здравствен билтен, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија обезбеди широк спектар политички, академски и стручни ставови за темите што ги постави за дебата, а едновремено се потруди да ги направи и достапни за гледачите со слухо-визуелна попреченост, преведувајќи ги на знаковен/толковен јазик.

### *Други информативни емисии*

Во овој актуелно-информативен жанр беа емитувани емисиите: „Агенда 35" и „Објектив", но на широкопоставени теми за евроинтегративниот процес на Македонија (извештајот на ЕК и евентуалниот датум за преговори), за состојбата со човековите права и слободи во државата (реформа на медиумите и на државната/јавната администрација), за (не)комплементарноста на домашните и на европските економски

политики, и слично. За справувањето со последиците од Ковид-19, во емисијата „Објектив" и во програмскиот појас „Македонија наутро", зборуваа д-р Венко Филипче, актуелниот министер за здравство, и Арбер Адеми, министерот за образование.

***Белешка:*** Информирање прилагодено за лицата со оштетен слух, освен во дебатите (како што е погоре споменато) МРТ1 обезбеди во Вестите од 17 часот, во кои ова е редовна практика.

## МРТ2 – Програма на албански јазик

### *Дневно-информативни емисии*

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 18:30 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година).

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 12 часа 33 минути и 38 секунди.

**Најчесто користени жанрови**: Претежно информативните жанрови – вести, вести во низа, изјави и извештаи.

***Начин на известување***

**Медиумот најчесто известуваше за**: Централни теми во вестите во овој период беа подготовките за Предвремените парламентарни избори на институциите и активностите на политичките партии околу предизборните коалиции и актуелната состојба со ширењето на коронавирусот. Мерките на Владата беа пренесувани во континуитет, преку директни обраќања на министерот за здравство Венко Филипче и техничкиот премиер Оливер Спасовски, како и преку соопштенија кои се однесуваа на владините мерки околу коронавирусот. Репортерски екипи на МРТ2 ја пренесуваа состојбата од Тетово, Дебар, Центар Жупа, Скопје и Гостивар преку извештаи и анкети со граѓани на терен. Сите овие активности се сведени под методолошката категорија „Здравство" која е најзастапена и зафаќа 1 час 43 минути и 8 секунди од анализираниот примерок од централното издание на вестите на МРТ2.

Активностите на Владата заземаат 1 час 28 минути и 48 секунди од вкупното време од анализираната дневно-информативна програма, преку информирање за датумот за преговори за влез во Европската Унија, ратификацијата на договорот за членство во НАТО како и за средбите на министрите со претставници од ЕУ и НАТО. Изјавите од прес-конференциите на меѓународните претставници беа пренесувани преку емитување директни обраќања на странските амбасадори, претседателот на Европскиот Парламент Давид Сасоли, генералниот секретар на НАТО Јанс Столтенберг итн.

Информирањето за подготовките околу Предвремените парламентарни избори беше во преден план во првите две недели од анализираниот период, во кој беа опфатени активностите на сите политички партии што поднесоа кандидатски листи до ДИК. Се известуваше за активностите на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ,

Алијанса за Албанците, Беса, Алтернатива, ДПА, НСДП, НДП како и за новоформираната Твоја партија и коалицијата Никогаш Северна, само Македонија.

МРТ2 го почитуваше начелото од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања).

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

**МРТ2**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Собрание | 00:07:11 | 0,95 | % |
| ДИК и други органи | 00:24:34 | 3,26 | % |
| СДСМ | 00:40:24 | 5,36 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:48:35 | 6,45 | % |
| Влада | 01:28:48 | 11,78 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:53:21 | 7,08 | % |
| Други субјекти | 01:16:53 | 10,20 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:23:57 | 3,18 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:36:51 | 4,89 | % |
| Граѓански сектор | 00:25:12 | 3,34 | % |
| Алтернатива | 00:09:01 | 1,20 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:27:10 | 3,60 | % |
| Локална самоуправа | 00:23:04 | 3,06 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:10:18 | 1,37 | % |
| Беса | 00:09:56 | 1,32 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:14:01 | 1,86 | % |
| Без субјекти | 00:19:20 | 2,57 | % |
| Јавно обвинителство | 00:10:10 | 1,35 | % |
| Судство | 00:18:51 | 2,50 | % |
| Здравство | 01:43:08 | 13,68 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:41:42 | 5,53 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:19:09 | 2,54 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:48 | 0,11 | % |
| Претседател | 00:17:25 | 2,31 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:01:49 | 0,24 | % |
| Твоја партија | 00:01:01 | 0,13 | % |
| Никогаш Северна, само Македонија | 00:00:59 | 0,13 | % |
| **Вкупно за тема:** | **12:33:38** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **12:33:38** | | |

## ***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во извештајниот период од 17 февруари до 16 март 2020 година, премиерно беа емитувани вкупно осум интервјуа од кои за седум беше емитувано и по едно репризно издание. Интервјуата беа дел од емисиите „Бизнис Плус", „Аргумент" и „Неделно интервју".

Во петте изданија на „Неделно интервју соговорници беа:

Фатмир Исени – директор на Државниот инспекторат за употреба на јазиците (17 февруари),

Мерсим Максути – универзитетски професор (23 февруари, една реприза),

Арменд Арслани – заменик министер за здравство (1 март, една реприза),

Селвер Ајдини – советник во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (8 март, една реприза),

Агим Нухиу – заменик министер за внатрешни работи (15 март, една реприза).

Во емисијата „Аргумент" премиерно емитувана на 18 февруари (со една реприза), гостуваше претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери. Теми на разговор беа Законот за јавно обвинителство, функционирањето на пратеничките групи во Собранието и координацијата со нив, ретроспектива на сработеното на овој пратенички состав итн.

Во рамки на емисијата „Бизнис плус", во која се разработуваат теми од економијата и бизнисот, беа емитувани интервјуа со Висар Ганија – претставник на граѓанското движење „Анти-коцкање" (20 февруари, една реприза) и со Неби Хоџа – претседател на Стопанската комора на Северо-западна Македонија (5 март, едно репризно издание).

***Дебати***

На Втората програма на Јавниот радиодифузен сервис, во овој извештаен период беа емитувани четири дебати, три во дебатната емисија „Аргумент" и една во „Бизнис плус".

Премиерните изданија на „Аргумент" беа емитувани во работните денови од неделата, а репризи беа емитувани наредниот ден по полноќ и на пладне:

Во студиото на „Аргумент" на тема парламентарни избори, Законот за јавно обвинителство, владеењето на правото и правната држава, дебатираа новинарот Насер Селмани и аналитичарите Илир Љума и Сефер Селими (25 февруари, две репризи).

Во други изданија на оваа емисија гостуваа претставници од политичките партии, Шермине Махмути – ДУИ и Биназ Пајазити – БЕСА. На оваа дебата биле поканети и претставници од Алтернатива и Алијанса за Албанците, но тие не ја прифатиле поканата (3 март, две репризи).

За правата на жените во 21-от век, позицијата на албанската жена во Северна Македонија, за жените во политиката, квотите, одлучувачките позиции во општеството и предизборната кампања за парламентарните избори, во „Аргумент" дебатираа Арта Билали Зендели - ДУИ, Бујаре Абази од Алијанса за Албанците и аналитичарката Дијана Тоска. На дебатата била поканета и претставничка од СДСМ Ѓулмесер Касапи, но таа не присуствуваше (10 март, две репризи).

Во единственото дебатно издание на „Бизнис плус", гостуваа бизнисменот Мендерес Кучи и економскиот експерт Буњамин Бела. Тема на дебата беше феноменот „brain drain" т.е одлив на мозоците, отселувањето на младите, законот за работа на Германија, економската состојба во земјата, работничката сила и потребите на економијата во земјата (12 март, една реприза).

*Други информативни емисии*

Во анализираниот период, МРТ2 одлучи во живо да ги проследува прес-конференциите на Владата и на министерот за здравство Венко Филипче кои се однесуваа на состојбата и мерките кои се преземаа околу коронавирусот и прес-конференциите на претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски по состаноците со државниот врв и Советот за национална безбедност.

**МР 1 - Прв програмски сервис на Македонското радио**

***Дневно-информативни емисии***

*Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Пладневен радиовесник, од понеделник до сабота емитуван во 15:30 часот, во недела - Радиодневник од 14 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година)

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 10 часа 29 минути и 42 секунди,

**Најчесто користени жанрови**: Главно претежно информативните жанрови вести (во низа) и извештаи.

*Начин на известување*

**Медиумот најчесто известуваше за**: Во едномесечниот период одреден за анализа, покрај епидемијата од Ковид-19, како доминантна тема, најфреквентни во дневниот новинарски ангажман беа темите произлезени од: партиската дебата околу Законот за Јавното обвинителство; предизборните коалиции, самостојните изборни настапи и предлог-листите со партиски кандидати; дипломатските активности на Владата за завршните чекори за прием во НАТО и т.н. „мини-извештај" од Европската комисија за Западен Балкан; судските случаи - „Рекет", „Титаник" и „Монструм"; партиските полемики и нивната рефлексија во рамките на т.н. „Пржинска Влада"; општествените активности, директно поттикнати од епидемијата со Ковид-19, на: училишта; здруженија на граѓани; синдикати; стопански комори; бизнис заедницата; регулаторни комисии/агенции; научни институти; наставници/експерти, и слично.

МР1 генерално го почитуваше начелото од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката

за одделни настани и прашања) со извесен квалитативен дисбаланс кој произлегува од уредувачката неекономичност во Пладневниот радиовесник:

Конкретните партиски предизборни активности, во овој едномесечен подготвителен период, се сведоа на преговори за воспоставување нови коалиции и формирање на потенцијалните листи за пратеници, ако се изземат, сега веќе - повеќегодишните континуирани расправи(и)/несогласувања околу измените во текстот на Законот за Јавното обвинителство, како и несмалениот интензитет на персонални и на партиски дисквалификации и обвинувања (главно на релација ВМРО ДПМНЕ - СДСМ) што би можеле да се вбројат во очекуваната - „*валкана, црна предизборна кампања*". Но, долж периодот на анализата, и тој предизборен партиски активизам од ден на ден беше засенуван од растечката - прво здравствена, а потоа и сеопшта општествено-политичка криза со пандемијата од Ковид-19, иако опозициската ВМРО ДПМНЕ (субјект со најголема застапеност во статистиката за секојдневните вести што беа дел од Пладневниот радиовесник) и нејзе ја искористи за дисперзирана критика директно упатена - било кон Владата, било кон актуелниот министер за здравство (на пример - обвинувањата за негова наводна вмешаност во бизнис манипулации во градежната афера наречена „Шпанско село"), како и против министерката за одбрана (која опозициската партија ја обвинуваше за противзаконска набавка на чизми и грејдери за потребите на АРМ), и Зоран Заев, лидерот на соперничкиот СДСМ. На ваквиот пристап на ВМРО ДПМНЕ во односите со јавноста, информативната редакција на Македонското радио редовно сопоставуваше соодветни адреси за реакција - било од СДСМ било од Владата (или од поединечните министерства), но статистичката акумулација на индивидуалното време за активностите на ВМРО ДПМНЕ освен што се должи на стратегијата на секојдневно инсистирање да се обелодени одговорноста за одредена општествена аномалија, се должи и на тоа што директно засегнатите државни институции, соперничкиот СДСМ или одредени индивидуи на одговорни јавни позиции - или се откажуваа од континуирани против-реакции или, пак, реакциите им се сведуваа на куси писмени соопштенија. Од ова произлезе и условениот квалитативен дисбаланс: - (ре)акциите на ВМРО ДПМНЕ редовно беа проследувани со долговремени/опширни (описни) директни обраќања, што, пак, во крајна линија остава впечаток на - неекономична уредувачка политика/однос кон секојдневниот партиски информативен проток (споредбено, на пример - МРТ 1 го решаваше дуалитетот СДСМ/ВМРО ДПМНЕ со еден групен прилог во кој беа издвоени поентите на меѓусебните обвинувања). Како типичен пример за уредувачката неекономичност кон содржината на партиските (контра)реакции може да се земе изданието на радиовесникот од 22 февруари 2020 година (но, доволно илустративни би биле и изданијата од 1 и од 8 март), кога вестите во низа за (псевдо) предизборните активности, буквално беа емитувани како - близу десетминутен информативен блок од (контра)реплики: - Прво, опширен прилог од промоција на аспекти на економската програма на ВМРО ДПМНЕ, проследена со посебен прилог - реакција/критика од СДСМ, па потоа уште еден посебен прилог за контрареакција од ВМРО ДПМНЕ, па последователен прилог за прес-конференција на ВМРО ДПМНЕ против министерката Шеќеринска (наводни противзаконски јавни набавки за АРМ), па непосредна реакција од Министерството за одбрана. Кон сето ова, а како дообјаснение за големата информативна застапеност на опозициската ВМРО ДПМНЕ во централното информативно издание, треба да се придодадат и повторуваните обвинувања од ВМРО ДПМНЕ дека Владата (министерот Филипче, посебно) нема капацитет да се справи со вирусната епидемија, на што, пак - по првичните реакции (главно од СДСМ), веќе не реплицираше ниту една државна институција (освен ако контекстуално не се земат предвид редовните прилози од прес-конференциите на министерот Филипче, но тие во Пладневниот радиовесник, како впрочем и на другите медиуми, беа третирани како сервисно-информативни за целата јавност, а не како - директно конфронтирачки против исказите на ВМРО ДПМНЕ).

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

**МР1**

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание | 00:04:12 | 0,67 % |
| СДСМ | 00:42:14 | 6,71 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:41:30 | 16,12 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 01:02:13 | 9,88 % |
| Влада | 01:24:23 | 13,40 % |
| Граѓански сектор | 00:15:01 | 2,38 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:26:16 | 4,17 % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:23:20 | 3,71 % |
| Други субјекти | 01:18:39 | 12,49 % |
| Претседател | 00:11:13 | 1,78 % |
| ДИК и други органи | 00:10:21 | 1,64 % |
| Јавно обвинителство | 00:10:27 | 1,66 % |
| Судство | 00:12:15 | 1,95 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:14:25 | 2,29 % |
| Без субјекти | 00:04:35 | 0,73 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:48 | 0,92 % |
| Здравство | 01:43:01 | 16,36 % |
| Локална самоуправа | 00:04:01 | 0,64 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:24 | 0,06 % |
| Култура (институции и организации) | 00:06:55 | 1,10 % |
| Беса | 00:01:44 | 0,28 % |
| ГДУ - Граѓанско демократска унија | 00:00:26 | 0,07 % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:50 | 0,13 % |
| Независни кандидати | 00:00:50 | 0,13 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:13 | 0,19 % |
| Никогаш Северна, само Македонија | 00:02:22 | 0,38 % |
| Левица | 00:00:32 | 0,08 % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:00:32 | 0,08 % |
| | **Вкупно за тема: 10:29:42** | **100 %** |
| | **Вкупно = 10:29:42** | |

Значителното информативно време во Пладневниот радиовесник отстапено за методолошката ставка – „други субјекти“ - ги опфаќа институциите, организациите и здруженијата што се директно погодени од епидемијата на Ковид-19, па во својот домен јавно бараа и нудеа решенија за премостување на актуелната општествена криза: здруженија на граѓани; синдикати; стопански комори; регулаторни комисии/агенции; научни институти; наставници/експерти; индивидуални уметници и уметнички здруженија, но, вон таа тема, тука се вброени и информативните минути за адвокати на лица во тековни (повеќегодишни) судски постапки („Рекет“; „Титаник“; „Монструм“).

## ***<u>Посебни информативни емисии</u>***

### *Интервјуа*

Во информативниот магазин „Актуелно“, емитувано беше интервју со Ивон Величковски, претседателот на Либералната партија, а една од темите беше – анализа на предизборието (25 февруари).

### *Други информативни емисии*

Редовно, како поопстоен рекапитулар на најважните дневни теми, информативната редакција на Првиот програмски сервис од Македонското радио ја реализираше емисијата – „Актуелно“, со широк спектар аналитички обработени општествено-политички теми (интервјуа/коментари), но не стриктно од примарниот тематски интерес на мониторингот, туку: за евро-атлантските интегративни процеси; за состојбата со аграрот и со економијата воопшто; за интересот и за вложувањето на државата во зачувување на македонскиот јазик; за глобалната криза со новиот бегалски бран пред вратите на Балканот, како и експертска епидемиолошка анализа на пандемијата од Ковид-19.

## Терестријални телевизии

### ТВ Алсат-М

<u>*Дневно-информативни емисии*</u>

*Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 19:00 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година).

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 11 часа 54 минути и 56 секунди.

**Најчесто користени жанрови**: Претежно информативните жанрови вест, извештај и изјави (со вкупно траење од 11 часа 51 минута и 44 секунди) и еден коментар (3 минути и 12 секунди).

*Начин на известување*

**Медиумот најчесто известуваше за**: Пандемијата со Ковид-19, недостигот од пасоши, судските рочишта за случаите „Рекет", „Монструм", „27 април", „Ерасмус", разрешувањето на техничката министерка за труд и социјална политика Рашела Мизрахи, маршот за правда, предизборната коалиција СДСМ-БЕСА, предавањето на „бомбите" за Зоран Заев во Обвинителството од страна на пратеникот Антонио Милошоски, бегалската криза, промената на имињата на училиштата во Чаир, несреќата со експлодираната плинска боца во Романовце, полициската акција во Крушопек за спречување недозволена трговија со дрога, активностите на ДИК за Изборите што требаше да се одржат на 12 април, средба на лидерите на политичките партии за одлагање на изборите, сезонскиот грип.

При известувањето беше почитувано начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

<u>***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***</u>

**ТВ Алсат-М**

| Субјекти | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Собрание | 00:01:31 | 0,21 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:34:49 | 4,89 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:27:07 | 3,81 | % |
| СДСМ | 00:33:11 | 4,66 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:19:07 | 2,69 | % |
| Влада | 01:08:22 | 9,61 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:15:35 | 2,19 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:12:55 | 1,81 | % |
| Судство | 00:19:46 | 2,78 | % |
| Други субјекти | 01:28:53 | 12,49 | % |
| Здравство | 02:26:09 | 20,53 | % |
| Без субјекти | 00:20:23 | 2,86 | % |
| Јавно обвинителство | 00:14:32 | 2,04 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:32 | 0,50 | % |
| Беса | 00:06:30 | 0,91 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:26:00 | 3,65 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:41:00 | 5,76 | % |
| Граѓански сектор | 00:26:50 | 3,77 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:37:56 | 5,33 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:02:19 | 0,33 | % |
| Локална самоуправа | 00:28:15 | 3,97 | % |
| Алтернатива | 00:04:52 | 0,68 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:35 | 3,74 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:00:57 | 0,13 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:32 | 0,07 | % |
| Претседател | 00:04:06 | 0,58 | % |
| **Вкупно за тема:** | **11:51:44** | **100** | **%** |
| **Вкупно =** | **11:54:56** | | |

Еден прилог, во траење од 3 минути и 12 секунди, беше коментар за неисполнетите ветувања на Крешник Бектеши, министерот за економија насловен „Економија, Бектеши не реализираше многу од ветувањата“ (10 март).

## ***Посебни информативни емисии***

### *Интервјуа*

Во анализираниот период беа реализирани четири интервјуа на политички/изборни теми, три во емисијата „360 степени“ и едно во емисијата „200“ (сите по еднаш репризно емитувани).

Во „360 степени“ беа интервјуирани:

Славјанка Петровска - дополнителна заменик - министерка за внатрешни работи за проблемот со издавање на пасошите, акцијата во Крушопек и сл., и со Арианит Хоџа, генерален секретар на Движењето БЕСА, за тоа дали е остварлива идејата за заеднички предизборен настап со СДСМ (21 февруари).

За состојбата со корона вирусот и како Македонија се справува со него, како и за предвремените парламентарни избори беше разговарано со Оливер Спасовски - технички премиер на РСМ (13 март).

Во емисијата „200“ беше реализирано интервју со Наќе Чулев - технички министер за внатрешни работи, за разрешувањата и назначувањата нови кадри во МВР, бегалците од Сирија и сл. (10 март).

***Дебати***

Единаесет дебатни емисии, сите со по една реприза, беа опфатени со анализата, согласно методолошките насоки на мониторингот (се разговараше на политички теми или темите беа разгледувани низ призма на избори).

Четири од дебатите беа реализирани во емисијата „Патот кон“:

Стефан Андоновски од ВМРО ДПМНЕ и Бојан Маричиќ од СДСМ, дебатираа на темите: Македонија во предизборна кампања, Законот за ЈО, разрешувањето на техничката министерка за труд и социјална политика Рашела Мизрахи (20 февруари).

За предизборната коалиција СДСМ-Движење БЕСА, и предизборните коалиции на другите партии, ставовите ги соочија Блерим Сејдиу од Движењето БЕСА, Арбер Адеми од ДУИ и Елми Азири од Алијанса на Албанците (27 февруари).

Едмонд Адеми од СДСМ, Ремзи Мемеди од Алијанса на Албанците и Агим Нухиу од ДУИ дискутираа за тоа колку Албанци ќе гласаат за СДСМ и дали СДСМ ќе и понуди постизборна коалиција на ДУИ (5 март).

„Дали вирусот е причина за одложување на предвремените парламентарни избори и дали ќе има ефект и во областа на политиката?“ беше основната тема на дебатата меѓу Мила Царовска од СДСМ, Халил Снопче од Алијанса на Албанците и Тимчо Муцунски од ВМРО ДПМНЕ (12 март).

Во „Економски магазин“ имаше три од дебатите:

Со Јован Митревски од СДСМ, Реџаил Исмаили од ДУИ и Илија Димовски од ВМРО ДПМНЕ - за тоа дали парламентарците ја завршија работата и донесоа подобар живот (26 февруари).

Трајан Димковски, министер за земјоделство од СДСМ, и Цветан Трипуновски, дополнителен заменик-министер за земјоделство од ВМРО ДПМНЕ, дебатираа за земјоделството во РСМ, откупот на тутун и др. (19 февруари).

На темите дали минималната плата ги даде посакуваните резултати, олеснувањето на можноста за заминување во Германија, зголемување на пензиите и др. зборуваа Мила Царовска - вицепремиерка за економски прашања и Благица Петрески - извршна директорка на „Finance Think“ (4 март).

Три од анализираните дебати беа и во емисијата „200“:

Арта Точи од Алијанса на Албанците, Крешник Бектеши од ДУИ и Фадил Зендели од Движењето БЕСА, дебатираа за тоа што би преземале како политички субјекти по изборните резултати, ветингот и сл. (18 февруари).

Бојан Маричиќ од СДСМ и Панче Тошковски од ВМРО ДПМНЕ дискутираа на тема: дали кампањата ќе биде „бомба“ по „бомба“ и протест по протест (25 февруари).

Бујар Османи од ДУИ и Андреј Жерновски од СДСМ, ги спротиставија ставовите околу коалицијата СДСМ-Движење БЕСА, острата реторика помеѓу СДСМ и ДУИ, промената на имињата на училиштата во Чаир (3 март).

Последната дебата беше во емисијата „360 степени“, во која аналитичарите Сефер Селими, Алберт Муслиу и Сашо Клековски, разговараа за тоа какви ќе бидат ефектите од склучените коалиции, какво значење ќе има формализирањето на членството во НАТО и евентуалната одлука за почеток на преговорите со ЕУ (6 март).

***Други информативни емисии***

Уште пет изданија на „360 степени“ (сите со по една реприза), реализирани како актуелно-информативна емисија со документаристички пристап, содржеа прилози кои влегуваат во опфатот на мониторингот: „Макрон–почеток на преговори со ЕУ“ и „годишнина од сообраќајната несреќа во Ласкарце“ (17 февруари), „Дали ВМРО ДПМНЕ, ако победи на изборите, ќе најде партнер кај Албанците?“ (24 февруари), „Објавување на извештајот на ЕК за Македонија и Албанија“ (2 март), „Мигранти - состојбата на грчко-турската и грчко-македонската граница“ и „Кога ќе финишира процедурата за зачленување во НАТО, дали ЕУ до крајот на март ќе донесе одлука за почеток на преговорите?“ (9 март), како и „Дали е можно да се одложат изборите од 12 април?“ (16 март).

## ТВ Алфа

### ***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Централни вести во 19:30 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година).

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 15 часа 56 минути и 16 секунди.

**Најчесто користени жанрови**: Претежно информативните жанрови - вест, вест во низа и извештај (15 часа и 31 минута) како и коментари/осврти/анализи (25 минути и 16 секунди).

***Начин на известување***

**Медиумот најчесто известуваше за**: Централна тема во анализираниот период беше состојбата со болеста Ковид-19 во земјата. Оттаму, методолошката категорија „Здравство“ беше временски најзастапена во дневноинформативните содржини на медиумот. Состојбата со Ковид-19 беше обработена од повеќе аспекти: информации за бројот на заразени, прес – конференции и директни обраќања на министерот за здравство, известувања за мерките на Владата за борба против коронавирусот, теренски јавувања за начинот на спроведување на мерките и анализи за економските последици врз бизнисите. Во прилозите на оваа тема беа пренесувани и анкети со граѓани, реакции на опозицијата и граѓанскиот сектор за мерките на Владата, директни обраќања на претставници на Владата, Претседателот на државата, приватните фирми и стопанските комори. Во категоријата „Здравство“ влегуваа и прилозите кои се однесуваа на сезонскиот грип во земјата.

Со вести во низа се известуваше и за: носењето на Законот за јавно обвинителство во Собранието, разрешувањето на техничката министерка за труд и социјална политика Рашела Мизрахи, несогласувањата помеѓу техничките министри од опозицијата и министрите од власта, незадоволството на граѓаните од двојазичните табли на јавните институции, недостигот од нови пасоши, предизборните активности и коалиции

на партиите, аудио – снимките за Зоран Заев - објавени од опозицијата, судските рочишта за случаите „Рекет", „Монструм" и за настаните од 27 април 2017 година, можноста за нов бегалски бран, евроинтеграциите на земјата, како и за промената на имињата на две училишта во општина Чаир.

Редовно се известуваше и за теми од црната хроника: акцијата на МВР за сузбивање на трговија со наркотици во Крушопек, несреќата со експлодираната плинска боца во Романовце и за откриените случаи на криумчарење мигранти. Дописниците на медиумот од другите градови во земјата известуваа за инфраструктурните проблеми на локалното население и за еколошки теми. Во викенд – изданијата на вестите редовно се покриваа теми од сферата на културата - опфатени во категоријата „Култура (институции и организации)".

ТВ Алфа генерално го почитуваше начелото од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кое се однесува на објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења и со овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Алфа**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 01:52:18 | 12,06 | % |
| Собрание | 00:03:31 | 0,38 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:52:17 | 12,06 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:25 | 2,19 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:48 | 3,31 | % |
| Јавно обвинителство | 00:11:32 | 1,24 | % |
| ДИК и други органи | 00:14:32 | 1,56 | % |
| Без субјекти | 01:22:50 | 8,90 | % |
| Влада | 01:14:34 | 8,01 | % |
| Судство | 00:14:18 | 1,54 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:25:46 | 2,77 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:23:34 | 2,53 | % |
| СДСМ | 00:52:36 | 5,65 | % |
| Граѓански сектор | 00:28:49 | 3,10 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:18 | 0,03 | % |
| Здравство | 02:29:55 | 16,10 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:30:36 | 3,29 | % |
| Локална самоуправа | 00:19:40 | 2,11 | % |
| Култура (институции и организации) | 01:23:46 | 9,00 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:27 | 1,66 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:03:18 | 0,35 | % |
| Алтернатива | 00:00:47 | 0,08 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:18 | 0,03 | % |
| Беса | 00:02:36 | 0,28 | % |
| Претседател | 00:13:20 | 1,43 | % |
| Никогаш Северна, само Македонија | 00:00:54 | 0,10 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:01:23 | 0,15 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Левица | 00:00:18 | 0,03 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:34 | 0,06 | % |
| | **Вкупно за тема = 15:31:00** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 15:56:16** | | |

Во однос на известувањето за активностите на политичките опции, најмногу време во вестите беше одвоено за ВМРО ДПМНЕ (1 час 52 минути и 17 секунди ), што се должи на големиот број нивни обраќања и реакции во кои ги повикуваа претставниците на Владата и на СДСМ да дадат одговори на прашања од јавен интерес. Оттаму времињата посветени за субјектите „Влада" (1 час 14 минути и 18 секунди) и „СДСМ" (52 минути и 36 секунди) треба да се анализираат збирно, наспроти времето посветено на субјектот „ВМРО ДПМНЕ". Медиумот имаше критички став кон активностите на Владата и на владејачката СДСМ, а позитивен или неутрален за ВМРО ДПМНЕ.

Во анализираниот период, во вестите на ТВ Алфа беа емитувани 10 уреднички коментари/осврти со траење од 25 минути и 16 секунди. Во сите коментари/осврти, медиумот имаше негативен/критички став кон СДСМ и Зоран Заев. Критиките се однесуваа на постари и понови изјави на Заев како и на портпаролката на СДСМ – Богданка Кузевска во кои тие наведуваа дека ТВ Алфа се финансира од странски средства. Постарите изјави на лидерот на владејачката СДСМ беа актуелизирани во контекст на промената на името и Уставот на државата, детали од аферата „Рекет" како и за двојазичноста во земјата.

Коментарите/освртите емитувани на 21, 23 и 24 февруари не беа насловени. Останатите ги носеа следните наслови: „Не запираат нападите на СДСМ врз ТВ Алфа" (22 февруари); „Кој шири лажни вести" (25 февруари); „Кузевска неподготвена да наброи лажни вести на ТВ Алфа" (26 февруари); „Заев не кажа зошто Алфа ја нападна неаргументирано" (27 февруари); „Заев: Не прифаќам дуел на Алфа, ќе видите зошто финансова полиција има истрага против вас!" (5 март); „Заев за 1ТВ „не знаеше" ништо, ама за наводни истраги против телевизија Алфа знае и пред институциите" (6 март); и „Зошто Заев бега од одговори? Ќе си замине ли од политиката" (8 март).

## ***<u>Посебни информативни емисии</u>***

### *Интервјуа*

Во периодот од 17 февруари до 16 март, беа емитувани вкупно 22 интервјуа – 20 од нив на политички теми. Во останатите две се зборуваше за состојбата со Ковид-19 во земјата.

Интервјуата беа емитувани во рамките на две емисии: „Што не е јасно?" (секој работен ден, со реприза следното утро) и „Заспиј ако можеш" (емитувана секој работен ден навечер, без репризи).

Во емисијата „Што не е јасно?" беа реализирани следниве интервјуа:

Потпретседателот на СДСМ – Мухамед Зекири говореше за претстојните избори како и за правдата и правосудниот систем во земјата (17 февруари).

Антонио Милошоски од ВМРО ДПМНЕ зборуваше за новите аудио – разговори кои се однесуваа на Зоран Заев, како и за судските случаи „Рекет" и „Монструм" (на 24 февруари).

Иван Стефановски од невладината Евротинк говореше за евроинтеграциите на земјата и дали сегашната власт ги спровела потребните реформи (25 февруари).

Јавната обвинителка Вилма Рускоска, гостуваше во интервју насловено „Дали обвинителството за организиран криминал спроведува селективна правда?" (26 февруари).

Фросина Ременски, во улога на обвинета за случајот „Рекет 2", зборуваше на темата „Кој и зошто нарачува политички елиминации?" (28 февруари).

На почетокот на емисијата емитувана на 5 март, водителката напомена дека емисијата била замислена како дебата помеѓу дополнителниот заменик-министер за земјоделство Цветан Трипуновски и министерот за земјоделие Трајан Димковски, но оти Димковски не можел да присуствува поради обврски. Трипупновски во интервјуто зборуваше за внатрешните несогласувања во Министерството и за тоа колку нашите граѓани јадат квалитетна храна.

На 6 март, во првиот дел од емисијата гостуваше разузнувач со заштитен идентитет кој говореше за проблемите во контраразузнавачките служби. Во вториот дел од емисијата, поранешната секретарка во МВР – Анастасија Илиеска говореше за можниот мигрантски бран во земјата.

Актерот Сашо Тасевски гостуваше во интервјуто со наслов „Зошто се неподобни оние со различно мислење од власта?" (9 март).

Адвокатот Александар Тортевски зборуваше за предизборните ветувања во однос на реформите во правосудството (11 март).

Игор Дурловски, предложен за носител на листа на ВМРО ДПМНЕ, ги образложи своите очекувања од изборите, а зборуваше и за моменталната политичка состојба во земјата (13 март).

Во емисијата „Заспиј ако можеш" беа интервјуирани уште девет личности:

Директорот на ТВ Алфа – Јани Бојаџи (20 февруари), на темата „СДСМ и објави "војна" на ТВ Алфа", при што Бојаџи упатуваше критики кон политиките на власта.

Активистот на „Бојкотирам" – Горан Костовски (25 февруари) говореше за влијанието на социјалните мрежи и политичката состојба во земјата.

Новинарот Бранко Героски (26 февруари) говореше за предизборните калкулации на партиите како и за судскиот случај „Рекет".

Виктор Грозданов – експерт (27 февруари) зборуваше за можниот медиумски мрак, најавен од операторите во земјата поради донесувањето на новите измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Сафет Бишевац (3 март) говореше за политиките на актуелната власт како и за неговите очекувања од претстојните избори.

Повторно директорот на медиумот – Јани Бојаџи (5 март), овојпат за одбивањето на Зоран Заев да гостува во дуел на ТВ Алфа.

Главниот и одговорен уредник на Инфомакс Александар Митовски (6 март) зборуваше во интервјуто насловено: „Македонија денес: бомби, бегалци, и затворени новинари!".

Поранешниот судија Владимир Панчевски зборуваше за состојбата со правосудството во земјата (9 март).

Рашела Мизрахи од ВМРО ДПМНЕ зборуваше за состојбата со Ковид-19 во земјата, за нејзиното искуство како техничка министерка, начинот на нејзиното разрешување и за дневно – политичките случувања (13 март).

***Дебати***

Во анализираниот период, на ТВ Алфа беа емитувани вкупно 19 дебатни емисии – повторно во рамки на емисиите „Што не е јасно?" и „Заспиј ако можеш". Три од нив беа посветени на теми поврзани со Ковид-19, додека во 16 се обработуваа политички теми.

Осум од дебатите беа реализирани во емисијата „Што не е јасно?":

Горан Мисовски – претседател на НСДП и Воислав Зафировски – потпретседател на Интегра, зборуваа за очекувањата од претстоечките избори како и за начинот на изгласување на Законот за јавно обвинителство (18 февруари).

Снежана Калевска-Ванчева од СДСМ и Трајчо Димов од ВМРО ДПМНЕ говореа за можните кандидати на партиите за парламентарните избори како и за досегашната работа на Собранието (19 февруари).

Никица Мојсоски-Блажески, извршна директорка на Македонија 2025, Дритон Исеини, извршен директор на Стопанската комора на Северозападна Македонија и Александар Убавков, член на управниот одбор на МАСИТ гостуваа во дебата со наслов: „Во чија политичка опција бизнисот гледа економска иднина?" (20 февруари).

Аналитичарите Владимир Божиновски и Петар Арсовски ги изнесоа своите анализи и предвидувања во врска со парламентарните избори (21 февруари).

Петар Колев – претседател на ГДУ и Тодор Петров – претседател на Светски македонски конгрес дебатираа на темата: „Малите партии – реална моќ за промена или битка за ситни раководни позиции" (2 март).

Универзитетските професори Томе Батковски и Трпе Стојановски, говореа за можноста од појавување нова мигрантска криза во земјата и евентуалните последици од неа (3 март).

Маргарита Цаца Николовска – Институт за човекови права и адвокатот Ѕвонко Давидовиќ гостуваа во дебатата со наслов: „Дали ЕК во извештајот за судството ги нотираше вистинските проблеми", (4 март).

Аналитичарот Агим Јонуз и новинарот Предраг Димитровски ги изложија своите анализи во поглед на можните исходи од парламентарните избори како и за изборните кампањи на партиите (10 март).

Уште седум дебати имаше во емисијата „Заспиј ако можеш":

Во дебатата со наслов „Втор ден од војната на СДСМ против Алфа" гостуваа новинарите Мери Јордановска и Љупчо Златев (21 февруари).

Ружица Николовска – адвокатка од партијата ВМРО ДПМНЕ и Павле Трајанов – претседател на Демократскиот Сојуз, дебатираа за новите аудио – разговори објавени од опозицијата, а кои се однесуваат на лидерот на СДСМ Зоран Заев (24 февруари).

Поранешните амбасадори Ѓорѓи Мисајловски и Зоран Дабиќ зборуваа на темата „Македонската “хаварисана" дипломатија пред сериозни меѓународни закани" (28 февруари).

Експертите Александар Кржаловски – МЦМС, Никола Спасов - Рејтинг и Владимир Божиновски – ИПИС анализираа кои теми и профили на кандидати ќе бидат одлучувачки на изборите (2 март).

Новинарот Бранко Геровски и поранешниот вицепремиер за европски прашања Васко Наумовски дискутираа на темата „Се вмешува ли ЕУ во македонската предизборна трка додека Бадинтер исчезнува за Македонците?" (4 март).

Цветин Чилиманов - новинар, Бојан Кордалов – специјалист за односи со јавност и нови медиуми и твитерџијата Горан Костовски зборуваа за влијанието на социјалните медиуми врз состојбата со Ковид-19, како и врз политичките случувања во земјата (10 март).

Гости на темата „Каква Македонија не чека по изборите – европска или со две поделени општества?", беа новинарот Бранко Геровски и Ердоган Сарач – Движење за национално единство на Турците (11 март).

***Други информативни емисии***

Емисијата „7" се емитуваше секоја недела навечер и беше репризирана секој понеделник, во рамки на утринската програма „Добро утро, секое утро!". Втората реприза на емисијата, беше во рамките на репризата на утринската програма, секој вторник во раните утрински часови.

Во информативната емисија „7", авторот ги коментираше актуелните политички случувања од изминатата недела, во форма на политичка сатира придружена со кратки исечоци од прилози емитувани во централните изданија на вестите. Најчесто, коментарите беа насочени кон активностите на власта и партијата СДСМ, особено кон изјавите на Зоран Заев. Премиерните изданија на емисијата беа емитувани на 23 февруари, 1, 8 и 15 март.

Утринската информативно-забавна емисија „Добро утро, секое утро!" беше емитувана секој работен ден, а репризирана наредниот ден по полноќ. Емисијата се реализираше во форма на колаж од повеќе засебни целини, меѓу себе одделени со најавни шпици. Содржините во емисијата ги опфаќаа сервисните информации, наградни игри за гледачите, интервјуа од областа на здравството, културата и актуелните теми. Посебни целини беа осмислени како контактни емисии. Дел од темите за дискусија со гледачите беа: „Маршот за правда на СДСМ", „Џафери за гласањето на Законот за ЈО: Згрешив, не е крај на светот", „Знаел ли Заев за рекетот на Боки 13? Милошоски денеска со докази кај Рускоска", „Заев се сликаше пред табла „Стопанска комора на Македонија" – ќе понесе ли одговорност?", „ВМРО ДПМНЕ со граѓаните излегува на протест пред ЈО", „ДУИ ги стопира предизборните активности меѓу граѓаните. Какви се плановите на другите партии?", „Заев и Османи со спротивставени ставови за двојазичните табли – ќе сноси ли некој одговорност за „грешките" со таблите?" и др.

Контактната емисија „Збор по збор" се емитуваше секој работен ден попладне. Беше емитувана во два дела, меѓу себе одделени со најавни шпици и телешоп реклами. Темите за дискусија ги опфаќаа секојдневните општествени теми, состојбата со Ковид-19 и сл. Политичките теми беа офатени во 10 изданија: „Дали СДСМ обезбедува правда за сите?", „Ќе реагира ли Јавното обвинителство по втората „бомба" за Заев?", „ВМРО ДПМНЕ повика на протест за правда", „Аларм за предизборни притисоци врз администрацијата! Како да се запрат?", „Ќе има ли одговорност за „грешките" на двојазичните табли?", „Заев контра Заев за училишните табли – од незаконски, станаа законски" и др.

Во текот на информативните и забавните емисии, во живо беа пренесувани прес – конференциите на министерот за здравство Венко Филипче – за новостите поврзани со Ковид-19 во земјата.

***Други емисии***

Во анализираниот период, емитувани беа и сатиричните анимирани серијали „Еднооки" и „Северноооки" кои во фокусот ги ставаа актуелните настани погледнати низ призмата на политичката сатира. Серијалот „Еднооки", во траење од 15 минути, беше премиерно емитуван секоја недела пред Централните

вести, а потоа репризиран во доцните вечерни часови како и во утринската емисија наредниот ден. Премиерните изданија на „Еднооки“ се емитуваа на 23 февруари, 1, 8 и 16 март.

Серијалот „Северннооки“ е скратена форма од серијалот „Еднооки“, со траење од околу 2 минути. Овој серијал беше емитуван во повеќе наврати во текот на денот (речиси на секои два часа).

## ТВ КАНАЛ 5

### *Дневно-информативни емисии*

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 18:00 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година)

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 11 часа 26 минути и 10 секунди.

**Најчесто користени жанрови**: Доминираа претежно информативните жанрови - вести и извештаи.

***Начин на известување***

**Медиумот најчесто известуваше за**: Предизборните коалиции и калкулации, коронавирусот кај нас и во светот, пасошката криза, судските рочишта за случаите: „Рекет“, „Монструм“, „Змиско око“, „27 април“, „ТНТ“, „Еразмус“ и други, за новиот стационар за кучиња „Лајка“, за финансирањето медиуми блиски до ВМРО ДПМНЕ со средства од Унгарија, за Православниот собор во Аман, за препукувањата на власта и опозицијата околу акцијата за запленување кокаин, за несреќата со експлодирана плинска боца во Романовце, за новата бегалска криза, за двојазичните табли на институциите, за промената на називите на две училишта во Чаир, за аферата „Шпанско село 2“ итн.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

**ТВ Канал 5**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 01:21:11 | 11.83 | % |
| СДСМ | 01:17:05 | 11.23 | % |
| Собрание | 00:02:45 | 0.40 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:09 | 1.33 | % |
| Претседател | 00:12:03 | 1.76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:43:58 | 6.41 | % |
| Влада | 01:04:08 | 9.35 | % |
| Јавно обвинителство | 00:19:55 | 2.90 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:03 | 2.48 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:03:19 | 0.48 | % |
| Алтернатива | 00:01:20 | 0.19 | % |
| Беса | 00:07:44 | 1.13 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:14:30 | 2.11 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:50 | 0.70 | % |
| Судство | 00:07:39 | 1.11 | % |
| Други субјекти | 01:10:27 | 10.27 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:19:53 | 2.90 | % |
| Без субјекти | 00:08:10 | 1.19 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:14:33 | 2.12 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:13 | 1.78 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:04 | 1.76 | % |
| Локална самоуправа | 00:13:22 | 1.95 | % |
| Здравство | 02:39:35 | 23.26 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:24 | 0.06 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:00:58 | 0.14 | % |
| ГДУ - Граѓанско демократска унија | 00:01:05 | 0.16 | % |
| Македонски концепт | 00:00:37 | 0.09 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:02:00 | 0.29 | % |
| АРМ | 00:00:36 | 0.09 | % |
| Независни кандидати | 00:02:02 | 0.30 | % |
| Единствена Македонија | 00:00:46 | 0.11 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:46 | 0.11 | % |
| | **Вкупно за тема: 11:26:10** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 11:26:10** | | |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Премиерно беа емитувани четири интервјуа, од кои три во емисијата „Само интервју“ и едно во емисијата „Само вистина“. Три беа посветени на Предвремените парламентарни избори:

Интервјуто со колумнистот Арсим Зеколи (6 март) целосно беше посветено на Предвремените парламентарни избори.

Интервјуто со претседателот на државата Стево Пендаровски (21 февруари) беше на повеќе актуелни теми (Предвремените парламентарни избори, евроинтеграциите, Законот за Јавно обвинителство, правото и правдата во Македонија, спроведувањето на ветингот во судството, односите со претседателот на СДСМ Зоран Заев, листата со амбасадори, Законот за јазици, спорот со Грција, референдумот и промената на името Република Македонија и др.).

Со универзитетскиот професор по филозофија Ферид Мухиќ (13 март), беше разговарано на повеќе актуелни теми (коронавирусот во Македонија, Предвремените парламентарни избори и нивното одложување, етничката и политичката омраза, промената на името на државата, договорите со Бугарија и Грција, настаните од 27 април 2017 година, амнестијата, случајот „Рекет"и др.)

***Дебати***

Во анализираниот период, премиерно беа емитувани 17 дебатни емисии „Само вистина" на актуелни општествено-политички теми: предвремените парламентарни избори, борбата за правда и правна држава, евроинтеграциите, економијата, новата потенцијална мигрантска криза, колку е блиску до автокефален статус МПЦ – ОА, коронавирусот итн. Само дебатата на претседателите на СДСМ Зоран Заев и на ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицкоски беше репризирана.

Во 16 од дебатните емисии, доминантна тема на разговор меѓу соговорниците, или една од позначајните теми, беа Предвремените парламентарни избори или предизборните активности на партиите поврзани со изборите. Своите ставови на овие теми ги сопоставија:

Зоран Иванов, новинар и Ивон Величковски, иницијатор на Движењето за нова Република (17 февруари).

Невенка Стаменковска – Стојковски, дополнителна заменичка-министер во МИОА и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација (18 февруари).

Петар Колев, претседател на Граѓанско-демократската унија и Љупчо Ристовски, претседател на Македонската конзервативна партија (19 февруари).

Тодор Петров, Претседател на Светски македонски конгрес и Абдулади Вејсели, поранешен пратеник (20 февруари).

Тони Науновски, универзитетски професор и Агим Јонуз, аналитичар (24 февруари).

Никола Спасов, Агенција „Рејтинг" и Горан Момироски, новинар (25 февруари).

Самоил Малчески, универзитетски професор и Алберт Муслиу, аналитичар (27 февруари).

Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО ДПМНЕ и Зоран Заев, претседател на СДСМ (28 февруари).

Петар Богојески од Македонски концепт и проф. Димитар Апасиев од Левица (2 март).

Генерал Стојанче Ангелов, „Достоинство" и Тодор Пендаров, аналитичар и колумнист (3 март).

Зоран Иванов, новинар и Марјан Камиловски, академски сликар (4 март).

Мирјана Најчевска, универзитетска професорка и Сафет Бишевац, поранешен пратеник и новинар (5 март).

Александар Пандов, аналитичар и Љупчо Зиков, новинар (9 март).

Ненад Јовановиќ, колумнист и аналитичар и Сотир Костов, аналитичар (11 март).

Дафина Стојановска, ВМРО ДПМНЕ и Горан Милевски, ЛДП и министер за локална самоуправа (12 март).

Зоран Димитровски, генерален секретар на Демократски сојуз и Бранко Героски, новинар (16 март).

***Други информативни емисии***

Секој работен ден, во рамки на утринската програма „Здраво Македонијо", медиумот поставуваше по неколку теми за разговор и ги отвораше телефоните за гледачите, коишто имаа можност да ги споделат со јавноста своите размислувања. Во анализираниот период, премиерно беа емитувани 21 контактно-информативна емисија, секоја од нив составена од по неколку програмски блокови, со посебни теми за разговор со гледачите. Темите на блоковите најчесто беа од сферата на актуелните општествено-политички случувања, економијата, евроинтеграциите, здравството, социјалата.

Во 18 изданија на контактно-информативната емисија, едно од прашањата беше директно или индиректно поврзано со Предвремените парламентарни избори.

Секој понеделник, започнувајќи од 2 март, Вестите во 18 часот започнуваа со рубриката „Пет минути факти" (поднаслов: „Информираме, не судиме"). На 16.03.2020 година темата на оваа актуелно-информативна емисија беше: „До каде е спроведувањето на Законот за јазици".

***Други емисии***

Во забавната емисија „Еден на еден" (23 февруари) единствен гостин беше претседателот на СДСМ, Зоран Заев. Емисијата беше репризирана.

Во изданијата на забавната емисија „Еден на еден" (18 февруари и 8 март) имаше политичка сатира на актуелни теми. Емисиите беа репризирани.

Во Извештајниот период беа емитувани 4 изданија на забавните емисии со хумор и сатира „Зевзеканија" (22 февруари, 29 февруари, 7 март и 18 март) и „Фчерашни новости" (23 февруари, 1 март, 8 март и 15 март) и во нив имаше политичка сатира на актуелни теми. Емисиите беа репризирани по двапати, а некогаш и по трипати во текот на неделата.

## ТВ Сител

### *Дневно-информативни емисии*

*Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Дневник 1, во 19.00 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година).

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 13 часа 46 минути и 29 секунди.

**Најчесто користени жанрови**: Претежно - информативните жанрови: вест, вест во низа, изјава, извештај.

*Начин на известување*

**Медиумот најчесто известуваше за**: Ситуацијата со коронавирусот во земјава; партиски разговори за предизборни коалиции и нивно официјализирање; објавувањето на т.н. „бомби" на Антонио Милошоски против Зоран Заев; судски рочишта за случаите „Рекет", „Монструм", „27 април", „Таргет-тврдина", „Талир"; проблемот со недостигот на обрасци за патни исправи; предизборни партиски ветувања и меѓусебни обвинувања за водење валкана изборна кампања; протестни маршеви на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ; подготовките на надлежните институции за спроведување на изборниот процес; мигрантската криза и ситуацијата на македонско-грчката граница; обвинувања на релација СДСМ – ВМРО ДПМНЕ за сторен криминал; одредувањето датум за почеток на преговори со ЕУ; заплена на дрога во с. Крушопек; експлозија на плинска боца во с.Романовце и трагичниот крај на членовите на цело семејство; економски теми.

При известувањето медиумот го почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Поголемата застапеност на субјектот ВМРО ДПМНЕ во однос на владејачката партија СДСМ (за нешто повеќе од 32 минути) во анализираните прилози од извештајниот период, се должи на прилозите кадешто најчесто има сопоставување на ставовите по одредено општествено-политичко или економско прашање на Владата (предводена од СДСМ) или на претставници на Органите на државната управа со ставовите на ВМРО ДПМНЕ, или обратно.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Сител**

| Субјекти | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Собрание | 00:03:42 | 0,45 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:40:45 | 12,19 | % |
| СДСМ | 01:08:06 | 8,24 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:36:52 | 4,46 | % |
| Други субјекти | 01:16:51 | 9,30 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:55:18 | 6,69 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:38 | 1,41 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:02:26 | 0,29 | % |
| Алтернатива | 00:02:12 | 0,27 | % |
| ДИК и други органи | 00:14:37 | 1,77 | % |
| Без субјекти | 00:21:27 | 2,60 | % |
| Судство | 00:21:41 | 2,62 | % |
| Јавно обвинителство | 00:10:47 | 1,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:27:03 | 3,27 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:14:49 | 1,79 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:35:39 | 4,31 | % |
| Здравство | 04:00:04 | 29,05 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:34:14 | 4,14 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:18:48 | 2,27 | % |
| Локална самоуправа | 00:09:22 | 1,13 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:12 | 0,27 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:06:44 | 0,81 | % |
| Беса | 00:03:29 | 0,42 | % |
| Претседател | 00:07:25 | 0,90 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:09 | 0,02 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:09 | 0,02 | % |
| | **Вкупно за тема: 13:46:29** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 13:46:29** | | |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Дебати***

Во вкупно 3 премиерни дебатни емисии „Детектор“ (без репризни изданија) дискутираа политичари или се дискутираше на актуелно-политички теми:

Главна тема на разговор меѓу Зоран Љутков – претседател на Комисијата за култура во ВМРО ДПМНЕ и Роберт Алаѓозовски – претседател на Комисијата за култура во СДСМ (1 март) беше „Дали се вложува доволно во спортот и културата?“,

Реџаил Исмаили – пратеник од ДУИ, Дане Кузмановски – поранешен директор на Државна лотарија на Македонија и Дејан Аврамовски – од Здружението на вработени во секторот игри на среќа „Сакам да работам“, како своја главна тема на разговор го имаа “Предлог-законот за игри на среќа поднесен од ДУИ – Обложувалниците и другите игри на среќа да се дислоцираат надвор од населени места“ (8 март).

Сефер Селими од Демокраси Лаб и Александар Кржаловски од МЦМС разговараа за „Предвремените парламентарни избори – Приоритети на партиите во изборната реторика, која област треба да е приоритет на новата влада“ (15 март).

***Други емисии***

Во рамки на Утринската програма „Ја сакам Македонија“, повремено се емитуваше рубриката „На дневен ред“, којашто е контактно-информативна, со јавувања на гледачи и читање фејсбук

коментари/ставови на гледачите за дадената тема. Во извештајниот период беа емитувани пет премиерни изданија на рубриката „На дневен ред“ и исто толку репризи. Четири од изданијата беа директно поврзани со Предвремените парламентарни избори, а едно на друга значајна политичко-безбедносна тема: „Собранието се распушти, ВМРО ДПМНЕ обвинува не било регуларно, СДСМ тврди се било во ред“ (17 февруари), „Ако денес би се одржале изборите, кому би ја дале Вашата политичка поддршка?“ (24 февруари), „Пендаровски – До овој момент нема зголемување на бројот на мигранти на јужната граница! Хаосот на турско-грчката граница не стивнува... Ваш став – Ќе има ли бегалски бран кон Македонија како во 2015 г.?“ (4 март), „Партиите до последен ден ќе ги кројат пратеничките листи. Ќе имаме ли фер и коректни избори на 12 април?“ (5 март) и „Македонските партии многу ветуваат за време на кампањите. Колку граѓаните им веруваат на ветувањата на партиите?“ (12 март).

## ТВ ТЕЛМА

### ***Дневно-информативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 18:30 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година).

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 11 часа, 32 минути и 21 секунда.

**Најчесто користени жанрови**: Претежно информативните жанрови – вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

**Медиумот најчесто известуваше за**: За здравствениот проблем со вирусот Ковид-19, секојдневно се известуваше од различни перспективи (здравствени, економски/стопански, политички), се пренесуваа прес-конференции со релевантните чинители (како редовните прес-конференции на министерот за здравство Венко Филипче) или се правеа репортерски извештаи (од Дебар и Центар Жупа или други локации), на што се должи и значителното време во методолошкиот субјект „Здравство“. Исто така, во овој период значително беа третирани и темите поврзани со експлозијата на плинска боца во Романовце, при што медиумот низ вести во низа и преку изјави ја следеше несреќата од различни аспекти. На овој медиум, во вестите во фокус беше и судството - тема за која секојдневно се известуваше, претежно преку одвивањето на процесите во случаите „Рекет“, „Таргет“, „Тврдина“, „Монструм“, „Титаник“, „Еразмус“ и сл. Други актуелни теми кои поинтензивно беа обработувани во овој извештаен период беа проблемот со недостигот од пасоши, запленетата дрога во Крушопек, бегалската криза, а се обработуваа и тековни проблеми во локалните самоуправи и теми поврзани со евро-интерграциите.

Интересот за Предвремените парламентарни избори, кои требаше да бидат во фокус во мониторираниот период, се сведуваше на подготовките околу изборите, предизборното коалицирање

(особено коалицијата помеѓу СДСМ и Беса), известувањата од ДИК и ДКСК, прес-конференции на политичките партии, изјави на странски дипломати и сл.

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Телма**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 00:18:09 | 2,62 | % |
| Судство | 00:41:04 | 5,93 | % |
| Други субјекти | 01:27:26 | 12,63 | % |
| Без субјекти | 00:12:57 | 1,87 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:46:09 | 6,67 | % |
| СДСМ | 00:36:10 | 5,22 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:37:53 | 5,47 | % |
| Влада | 00:53:55 | 7,79 | % |
| Собрание | 00:03:05 | 0,45 | % |
| ДИК и други органи | 00:18:18 | 2,64 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:46 | 1,41 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:03:59 | 0,58 | % |
| Беса | 00:01:20 | 0,19 | % |
| Алтернатива | 00:02:13 | 0,32 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:26:55 | 3,89 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:55 | 0,13 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:14:31 | 2,10 | % |
| Граѓански сектор | 00:31:19 | 4,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:24:20 | 3,51 | % |
| Локална самоуправа | 00:21:09 | 3,05 | % |
| Здравство | 02:32:11 | 21,98 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:09 | 0,17 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:03:40 | 0,53 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:16:30 | 2,38 | % |
| Левица | 00:00:20 | 0,05 | % |
| Интегра - Македонска конзервативна партија | 00:00:20 | 0,05 | % |
| Претседател | 00:24:35 | 3,55 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:32 | 0,08 | % |
| Твоја партија | 00:01:31 | 0,22 | % |
| | **Вкупно за тема: 11:32:21** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 11:32:21** | | |

## *Посебни информативни емисии*

### *Дебати*

Во периодот од 17 февруари до 16 март, емитувани беа деветнаесет дебати, концепирани во емисиите „Топ тема“ и „Вин вин“, со гости кои го изразуваа своето мислење на социјално-политички, економски, здравствени теми и други прашања актуелни во анализираниот период. Општите теми во помал дел од дебатите се однесуваа на: објавување на годишната програма за финансирање на националниот интерес во културата од страна на Министерството за култура; подготвеноста да се справиме со коронавирусот и економската проблематика поврзана со пандемијата; мигрантската криза; додека на политички теми или на темите разгледувани низ призма на избори беа посветени 12 емисии (со репризи утрото наредниот ден).

Девет од анализираните емисии „Топ тема“ се однесуваа на изборниот процес:

Оливер Деркоски, претседател на ДИК и Катица Николовска, заменичка-претседател на Државна комисија за спречување на корупција дебатираа на теми директно поврзани со изборите (17 февруари).

Експертите Жанета Трајковска, Анета Пеева-Лауренчиќ, Газменд Ајдини и Петар Арсовски, дискутираа на теми поврзани со изборната кампања и стратегите за привлекување на гласачите (18 февруари).

За членството во НАТО и влијанието врз евроинтеграцијата, ставовите ги сопоставија Радмила Шекеринска од СДСМ и Александар Николовски од ВМРО ДПМНЕ (19 февруари).

Костадин Костадинов од СДСМ и Илија Димовски од ВМРО ДПМНЕ дискутираа за актуелните политички теми низ призма на партиите притоа осврнувајчи се на „бомбите“, предизборната кампања, предизборието, понудата за граѓаните и сл. (24 февруари).

Диме Велковски од СДСМ и Дарко Лазаров од ВМРО ДПМНЕ зборуваа за економските перспективи на партиите во предизборието (26 февруари).

Се дебатираше и за тоа дали новите измени во Изборниот законик ќе донесат поголема контрола врз финансирањето на политичките партии за време на изборите, а гости беа Оливер Деркоски од ДИК, Биљана Ивановска од ДКСК и Максим Ацевски, државен ревизор (3 март).

„Третата опција“ во македонскиот политички спектар беше тема за која дискутираа Александар Тортевски од новоформираната Твоја партија, Солза Грчева од партијата Глас за Македонија, Петар Богојески од движењето Македонски концепт и Љупчо Ристовски од Интегра (9 март).

Изборите, кандидатските листи и кампањата диктирана од здравствените услови, беа предмет на дебата меѓу Љупчо Николовски од СДСМ и Игор Јанушев од ВМРО ДПМНЕ (12 март).

Министерката Мила Царовска и професорите Борче Треновски и Маријан Петровски говореа на темите поврзани со стопанството, екониомијата и предизборието (13 март).

Со анализата беа опфатени следниве иданија на емисијата „Вин вин“:

Арбен Таравари од Алијанса за Албанците и Мухамед Зекири од СДСМ дебатираа за официјализирањето на коалицијата помеѓу СДСМ и Беса и за тоа какви реперкусии ќе има ова врз другите коалиции (27 февруари).

Експерите Владо Бучковски и Илир Љума дискутираа за предизборието, пријавувањето на кандидатските листи, коалициите и сл. (5 март).

Експертите Андреј Петров, Бојан Кордалов и Сашо Пешев разговараа во врска со предизборната кампања која требаше да се реализира во услови на пандемија (11 март).

***Други информативни емисии***

Во периодот на анализата, емитувани беа вкупно 21 издание на актуелно-информативната емисија „Црвена линија", изведена како „отворено студио" со директно вклучување на гледачи кои изнесуваа ставови за тековни општествено-политички теми поставени од страна на водителите (репризирани наредниот ден во раните утрински часови).

Во овие изданија, со гледачите се разговараше за актуелни теми поврзани со дневната социјална, надворешно или внатрешно политичка, економска или здравствена проблематика, а од посебниот интерес за овој извештај можеме да ги издвоиме следните теми или прашања: „Распишани се предвремени парламентарни избори", „Вчера се одржа марш за правда", „Почнаа партиските ветувања, дали може да се надеваме на подобро утре?", „Интернетот е бојно поле за дезинформации на партиите и политичарите", „Политичарите меѓусебно се снимаат, можете ли да им верувате?", „Нови бомби од опозицијата за Заев!", „Кој со кого ќе коалицира во предизборието", „СДСМ и Беса нови коалициони партнери", „Дали партиите прерано ја почнаа предизборната кампања?", „Партиите ветуваат поголеми плати, дали им верувате?", „Кои ќе бидат носители на кандидатските листи?", „ВМРО ги објави кандидатските листи", „Нема одложување на изборите, партиите без митинзи", „Пендаровски размислува за одложување на изборите", „Лидерска средба кај Пендаровски, треба ли да се одржат изборите?". Во едно издание на емисијата имаше и директно вклучување во прес-конференција во врска со актуелните состојби со коронавирусот.

Еитувани беа и четири изданија на „Код", информативна емисија со истражувачки прилози на актуелни теми; и емисијата три на „Еуро фокус" која претставува склоп од дебати, интервјуа и прилози на теми поврзани со евроинтеграциите.

## Кабелска телевизија

### ТВ 21-М

***Дневно-информативни емисии***

*Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 18:30 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година).

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 11 часа 23 минути и 2 секунди.

**Најчесто користени жанрови**: Претежно информативните жанрови – вести, вести во низа, изјави и извештаи.

*Начин на известување*

**Медиумот најчесто известуваше за**: Централни теми во вестите на ТВ 21-М во периодот од 17 февруари до 16 март 2020 година беа партиските активности и подготовки за Предвремените парламентарни избори, судските рочишта за предметите „Монструм", „Рекет", „Титаник 3" и за упадот во Собранието на 27 април 2017 година, како и известувањето за коронавирусот, кое неминовно по првите две недели од предизборниот мониторинг, стана главна тема од јавен интерес. Сите прилози поврзани со коронавирусот, прес-конференциите на министрите за состојбата со заболените, известувањето од кризните подрачја како и репортажите од градовите се кодирани под најзастапената методолошка категорија „Здравство" која зазема 2 часа 10 минути и 39 секунди од методолошкиот примерок на дневноинформативното издание Вести во 18:30 часот.

При известувањето беше почитувано начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

Во прилозите за активностите на политичките партии (ставови/реакции, предизборни коалиции, партиски конвенции, кандидатски листи итн.) најмногу време беше одвоено за СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, а потоа за ДУИ, Алијанса за Албанците и Беса.

Значајно време (1 час 12 минути и 36 секунди) беше одвоено и за методолошката категорија „Други субјекти" каде се регистрирани активностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната комисија за спречување корупција, Регулаторната комисија за енергетика, изјавите на сведоци во судските предмети, соопштенија од компании, медиуми, како и граѓани кои ги споделуваа своите проблеми.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

**ТВ 21 - М**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:46:12 | 6,76 | % |
| СДСМ | 01:02:11 | 9,10 | % |
| Алтернатива | 00:08:54 | 1,30 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:14:43 | 2,15 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:39:55 | 5,84 | % |
| Собрание | 00:07:23 | 1,08 | % |
| Влада | 01:06:14 | 9,70 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:18:33 | 2,72 | % |
| Други субјекти | 01:12:36 | 10,63 | % |
| Судство | 00:19:56 | 2,92 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:10:39 | 1,56 | % |
| Без субјекти | 00:32:15 | 4,72 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:49 | 0,12 | % |
| Граѓански сектор | 00:19:44 | 2,89 | % |
| Здравство | 02:10:39 | 19,13 | % |
| Локална самоуправа | 00:16:07 | 2,36 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:04:05 | 0,60 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:17:01 | 2,49 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:04 | 0,74 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:21 | 2,54 | % |
| ДИК и други органи | 00:20:49 | 3,05 | % |
| Беса | 00:13:11 | 1,93 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:06 | 3,24 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:36 | 0,67 | % |
| Претседател | 00:11:59 | 1,75 | % |
| **Вкупно за тема:** | **11:23:02** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **11:23:02** | | |

## *Посебни информативни емисии*

### *Интервјуа*

Во извештајниот период од 17 февруари до 16 март 2020 година, премиерно беа емитувани вкупно девет интервјуа во сопствена продукција на ТВ 21-М, кои беа дел од емисијата „Клик Плус“ и од информативната програма „10 минути“. За повеќето од нив репризните изданија беа емитувани наредниот ден по полноќ и во 12 часот.

Интервјуата беа реализирани со следните соговорници:

Талат Џафери – претседател на Собранието на Република Северна Македонија (17 февруари, две реprизи).

Артан Груби – ДУИ (19 февруари, две реprизи).

Игор Јанушев – генерален секретар на ВМРО ДПМНЕ (20 февруари, две репризи на 21 февруари).

Венко Филипче – министер за здравство (24 февруари).

Скендер Реџепи – Зејд, Алтернатива (24 февруари, две репризи).

Лулзиме Бајрами – епидемиолог од Центарот за јавно здравје (25 февруари).

Кастриот Реџепи – Беса (2 март).

Александар Николовски – потпретседател на ВМРО ДПМНЕ (4 март).

Арменд Арслани - заменик - министер за здравство (12 март).

ТВ 21-М на својата програма емитуваше и едно интервју во продукција на Радио Слободна Европа, со Борјан Ефтимов – новиот претседател на Универзитетското собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (23 февруари).

***Дебати***

На програмата на ТВ 21-М во анализираниот период беа емитувани 14 дебати во кои своите ставови ги спротивставија политичари, експерти, аналитичари, граѓански активисти, уметници итн. Дебатите се одвиваа во изданијата на емисиите „ЕУ Клик“ и „Клик Плус“ кои премиерно се емитуваа навечер.

Во „ЕУ Клик“ се одржаа следниве дебати:

На тема „На младите им се кршат правата“ гостуваа Васка Бајрамовска Мустафа, заменичка-народен правобранител и Мерсиха Смајловиќ, граѓанска активистка. Во рамки на ова издание беше емитувано и интервју со Уранија Пировска од Хелсиншкиот комитет (17 февруари).

Виолета Калиќ – ликовна критичарка, Игор Љубовчевски – Љубац – ликовен уметник и Гордана Винчиќ – ликовна уметница гостуваа на тема „Европа и уметниците“. Во текот на емисијата беше емитувано и интервју со сликарот Имер Бајрами (21 февруари, две репризи).

Гостинки во емисијата беа и Биљана Дуковска, експертка и Санела Шкријељ, заменичка-министерка за труд и социјална политика (28 февруари, две репризи).

„Спортистите – амбасадори на интеграција во ЕУ“ беше темата на која зборуваа спортистите Берат Јакупи – каратист, Дрита Ислами – атлетичарка и Бесир Алили – шампион во борење. Во емисијата дополнително, преку интервју, беше вклучен и професорот Блерим Саити (6 март, две репризи).

На тема „Мултикултурализмот во Европа“ дискутираа Александар Петковски – универзитетски професор, Фросина Пандурска – албанолог и Метин Мухареми – албанолог од Центар за едукација и развој (13 март, две репризи).

Останатите дебати се реализираа во емисијата „Клик Плус“:

За коронавирусот дебатираа Арменд Аслани, заменик-министер за здравство, Агрон Буџаку, директор на Центар за управување со кризи, Фадил Цана, инфектолог и Арбен Зибери, Центар за јавно здравје (26 февруари, две репризи).

Двајцата претседатели на млади во СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, Дарко Каевски односно Јован Јаулевски дебатираа за младите во политиката, коалицијата СДСМ-Беса, перспективата на младите и коронавирусот (27 февруари, две репризи).

Ставовите ги сопоставија и Изет Меџити од ДУИ и Арбен Таравари од Алијанса за Албанците (2 март, една реприза).

Едмонд Адеми – СДСМ, Арбр Адеми – ДУИ и Зекирија Ибрахими – Алтернатива дебатираа за Законот за употреба на албанскиот јазик, парламентарните избори и политиките на партиите кон Албанците (4 март, две реприи).

Своите ставови ги спротивставија и пратениците Влатко Ѓорчев од ВМРО ДПМНЕ и Мухамед Зекири од СДСМ (5 март, две реприи).

На повеќе теми разговараа и Невзат Бејта – ДУИ, Арбр Лабиништи – Алијанса за Албанците и Орхан Ибрахими од ДПА (8 март, две реприи).

Дискусија за партиските позиции на повеќе прашања имаше и меѓу Бујаре Абази од Алијанса за Албанците, Арта Билали Зендели – ДУИ и Мелинда Рашити – Беса (11 март, две реприи).

д-р Никола Пановски, д-р Злате Мехмедовиќ и д-р Ненад Лазаров зборуваа за состојбата со коронавирусот (12 март, две реприи).

За „Живот во изолација, како да се справиме“ дискутираа Фадил Цана – инфектолог и Миѓена Амзаи – психолог. Во емисијата имаше телефонско вклучување и преку социјалните мрежи (16 март).

***Други информативни емисии***

Во периодот од 17 февруари до 16 март, на ТВ 21-М секој работен ден се емитуваше и кратката информативна програма „10 минути“ во која најчесто беа презентирани сублимати од информациите објавени во текот на денот.

САТЕЛИТСКА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 24 ВЕСТИ

***Дневно-информативни емисии***

*Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 20:00 часот.

**Број на анализирани изданија**: 29 изданија (17 февруари – 16 март 2020 година).

**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 10 часа 24 минути и 3 секунди.

**Најчесто користени жанрови**: Претежно информативните жанрови – вести, вести во низа, изјави и извештаи.

*Начин на известување*

**Медиумот најчесто известуваше за**: Централни теми во овој период беа предвремените парламентарни избори и предизборните коалиции и темите поврзани со појавата и ширењето на коронавирусот. Актуелната тема за коронавирусот беше проследена во континуитет, темелно и професионално, во согласност со препораките од надлежните институции, со емитување официјални податоци за актуелните состојби и пренесување изјави и прес-конференции на министерот за здравство Венко Филипче, како и изјави и препораки од стручни лица од Клиниката за инфективни болести и од Институтот за јавно здравство. Преку вести во низа и репортерски извештаи од терен беа пренесени информациите за состојбата со болеста во најзагрозеното подрачје во Дебар и во Центар Жупа. Сите прилози поврзани со појавата и ширењето на коронавирусот методолошки беа категоризирани во субјектот „Здравство", а со оглед на актуелноста на темата и интензитетот на настаните во овој период, оваа категорија зафаќа 2 часа 7 минути и 55 секунди и временски е изразито најзастапена во однос на другите субјекти во анализираниот примерок на дневноинформативните емисии на ТВ 24 Вести.

Со извештаи за активностите на македонските политички претставници и изјави од релевантните меѓународни политички фактори, редовно беше елаборирана темата за евроинтеграциите и потенцијалниот датум за почеток на преговорите за влез во ЕУ како и завршната ратификација на договорот за членство на земјата во НАТО.

Од другите актуелни теми во овој период, серија прилози во вестите на ТВ 24 Вести, беа посветени на заканата од нова мигрантска криза, полициската акција во Крушопек, експлозијата на плинска боза во Романовце, промената на имињата на училиштата во Чаир, а во континуитет беа емитувани и извештаи од судските рочишта за случаите „Рекет", „Монструм", „Титаник", „Талир", „Еразмус" .

При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно

оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ 24 Вести**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:44:12 | 7,08 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:45:02 | 7,22 | % |
| Собрание | 00:03:58 | 0,64 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:12 | 1,47 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:34:36 | 5,54 | % |
| Јавно обвинителство | 00:13:27 | 2,16 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:54 | 2,39 | % |
| Влада | 00:53:52 | 8,63 | % |
| Судство | 00:30:41 | 4,92 | % |
| Здравство | 02:07:55 | 20,50 | % |
| Граѓански сектор | 00:20:10 | 3,23 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:16:10 | 2,59 | % |
| Други субјекти | 01:58:18 | 18,96 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:12:51 | 2,06 | % |
| Без субјекти | 00:16:24 | 2,63 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:11:24 | 1,83 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:05:33 | 0,89 | % |
| Алтернатива | 00:01:15 | 0,20 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:53 | 1,58 | % |
| Беса | 00:03:32 | 0,57 | % |
| Локална самоуправа | 00:17:05 | 2,74 | % |
| ГДУ - Граѓанско демократска унија | 00:02:43 | 0,44 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:56 | 0,31 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:33 | 0,09 | % |
| Претседател | 00:08:27 | 1,35 | % |
| **Вкупно за тема:** | **10:24:03** | **100** | **%** |
| **Вкупно =** | **10:24:03** | | |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во извештајниот период, од 17 февруари до 16 март 2020 година, премиерно беа емитувани вкупно седум интервјуа од кои четири беа репризирани.

Во четирите пренесени изданија на *„Неделно интервју на Радио Слободна Европа“* соговорници беа:

Борјан Ефтимов претседател на Студентското собрание на УКИМ (23 февруари),

Катерина Синадиновска, претседателка на Советот за етика во медиумите (1 март),

Амбасадорката на Хрватска Нивес Тигањ (8 март),

Билјана Ивановска, претседателка на Комисијата за спречување корупција (15 март).

Во рамките на емисијата *24 Анализа* беа емитувани три интервјуа, во кои делумно беа застапени и актуелните политички теми поврзани со предвремените парламентарни избори.

Во интервјуто со режисерот Слободан Унковски (28 февруари, една реприза), покрај темите поврзани со културата и театарот, во еден дел се разговараше и за актуелните политички теми.

Со градоначалникот на Скопје Петре Шилегов, се разговараше на тема „Тековни активности на градските власти и најава за отстранување/дислокација на споменициte од „Скопје 2014" (11 март, една реприза). Водителот информираше дека во емисијата биле поканети и претставници од опозициската ВМРО-ДПМНЕ, но тие не одговориле на поканата.

Разговорот со ректорот на УКИМ Никола Јанкуловски (12 март, две репризи) се однесуваше на актуелните теми од здравството и од образованието и за постапката на ДКСК против него.

***Дебати***

На програмата на ТВ 24 Вести во извештајниот период премиерно беа емитувани вкупно 18 дебати од кои 11 беа на политички теми, директно или индиректно поврзани со предвремените парламентарни избори, а во останатите - тема беше актуелната состојба со коронавирусот.

Во емисијата „*24 Анализа*" премиерно беа емитувани 10 дебати кои според програмската шема на Телевизијата беа реприрани наредниот ден. Во поголем дел од дебатите беа третирани актуелните политички теми.

На тема „Кој би бил подобар премиер Заев или Мицкоски и кој поуспешно би се справил со политичките проблеми" (17 февруари) дебатираа: Владимир Божиновски (Институт за политички истражувања), Никола Спасов (Агенција Рејтинг), Мерсал Биљали (универзитетски професор) и Самоил Малчевски (ВМРО-ДПМНЕ).

Во дебата на темите „Власта маршира за правда, граѓаните во прашалници; Кој со кого ќе коалицира на изборите? Дали почнувањето на преговори со ЕУ ќе ја врати земјата на вистинскиот колосек?" (19 февруари) учествуваа: Џабир Дерала (НВО Цивил), Љубомир Јосифовски (поранешен пратеник) и Петар Богојески (Македонски концепт).

За обвинувањата на власта и на опозицијата за „црна кампања" и за тоа „како партиите ќе ги убедат аполитичните и неутралните да излезат на гласање" дебатираа новинарите Зоран Димитровски и Столе Наумов и политичкиот аналитичар Газменд Ајдини (20 февруари).

„Колку и како ќе бидат застапени жените идни пратенички?" (24 февруари) дебатираа Снежана Калевска - Ванчева (Форум на жени на СДСМ) и Благица Ласовска (Унија на жени на ВМРО-ДПМНЕ).

Тема на дебата беа „Протести за правда на власта и на опозицијата" (26 февруари), со Сотир Костов (поранешен обвинител) и Павле Богоевски (поранешен пратеник).

За тоа „Колку лажните вести може да влијаат на изборниот процес" (4 март) дебатираа: Александар Чомовски (новинар), Јасна Бачовска (универзитетска професорка) и Гоце Пачемски (Имиџ ПР).

„Мигрантската криза, причини и предизвици со кои би можела да се соочи земјата", беше темата на која дебатираа Милан Стефановски, воено-политички аналитичар и Благој Цонев, универзитетски професор (5 март).

На тема „Кандидатски листи за предвремените парламентарни избори“ гости во емисијата беа новинарите Катерина Блажевска и Тодор Пендаров и политичарот Имер Селмани (9 март).

Во емисијата „24 *Отворено*“ беа емитувани четири премиерни изданија и 12 репризи:

На темата „Може ли во предвечерие на изборите, Заев да ги истрча ветувањата за правда? Може ли Мицкоски да покаже поинаков пристап?“ (18 март, три репризи) гости беа новинарите Сашо Ордаоски и Предраг Димитровски, пратеникот од СДСМ Мухамед Зекир и пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Драган Даневски.

Од емисијата „*Коментар со Огнен Јанески*“ беа емитувани четири премиерни изданија и осум репризи. На политичка тема релевантна за мониторингот во предизборниот период, беше емисијата за „Распределбата на средствата од програмата на Министерството за култура“ (21 март, две репризи) и во неа дебатираа: Баже Џолев, директор на Ансамблот „Тоска“, Благоја Јовановски, АКУД „Мирче Ацев“ и Алил Селим – Галиќ, претседател на НО „ЕСЕ“.

***Други информативни емисии***

Во анализираниот период, на ТВ 24 Вести беа емитувани вкупно 49 премиерни и 19 репризни изданија на две контактно - информативни емисии во кои гледачите преку директно вклучување изнесуваа лични ставови за актуелните општествено-политички настани поставени како дневни теми.

Емисијата „*Во тек*“, која се емитува секој ден, најчесто опфаќа по две дневни теми и е конципирана во два дела, поделени со рекламен блок и едно издание на вести. Во изданијата што беа опфатени со овој мониторинг, гледачите, преку директни јавувања, го изразуваа своето мислење на актуелните теми: „Се распушта Собранието, законите донесени во еден ден“, „Ентузијазам од средбите на лидерите за ЕУ и Западен Балкан“, „Дали наскоро ќе се реши проблемот со издавање пасоши?, „Дали ќе има нови коалиции?“, „Каква изборна камања не очекува?“, „Одекнаа нови „бомби“ или „петарди“?, „Дали партиите предвреме ја започнаа кампањата?“, „Ќе има ли прошка за политичарите“, „ЕК ќе го објави извештајот – дали се исполнети условите за почеток на преговорите?“, „Дали има причина за паника заради коронавирусот?“, „Колку партиските коалиции го загрозуваат принципот на Бадинтер?“, „Колку е црна предвреме започнатата кампања?“, „Партиите пред финале, кои ќе бидат носители на листите?“, „Средба на партиските лидери - дали е можно одложување на изборите?“ и др.

Од контактноинформативната емисија „*Очи в очи*“ беа емитувани 20 премиерни изданија и 19 репризи, а дел од темите на кои дискутираа гледачите беа: „Собранието се распушта, опозицијата ќе го оспорува ЗЈО, а СДСМ маршира за правда“, „Пасоши ќе има само за лек или за скапа опција по итна постапка“, „Кои се вашите предвидувања за предизборни коалиции?“, „Кое мнозинство ќе ја формира Владата?“, „Преименувањето на училиштата ги скара поранешните коалициони партнери СДСМ и ДУИ“, „Нови бомби – индиции или средства за политички поени?“, „Дали верувате дека Министерството за здравство е подготвено да се справи со коронавирусот?“, „Дали ги разбравте мерките на Владата? Како секој од нас може да помогне?“ и др.

Во неколку од контактноинформативните емисии, имаше директно вклучување и во живо беа пренесувани прес-конференциите на министерот за здравство Венко Филипче за актуелните состојби со Ковид-19.

Општествено-политичкиот магазин „*Трилинг*“ беше емитуван во четири премиерни и 13 репризни изданија.

***<u>Белешка:</u>*** На ТВ 24 Вести, Вестите од 20 часот, дебатната емисија „24 Отворено“, како и видео прилогот со совети и препораки за заштита од коронавирусот, беа прилагодени за лицата со оштетен слух.